

05/02/2011 Кратово с. Филиповц fotoA.T.

**На пчеларникот во фебруари**
Февруари е првиот месец од перодот кога пчелината заедница е во фаза на развој. Развојот се одвива во тримесечниот период (февруари, март и април) токму кога се буди и развива природата со се побујната вегетација и пообилно цветање на билките.

Ова е период кога на пчелината заедница и е најпотребна помош од пчеларот,кога интервенцијата на пчеларот директно во кошницата е најголема.

Многу знаење,многу практични искуства и многу работа е потребна на пчеларникот во овој период.Извршените работи на пчеларникот во Февруари,март и април дирекно влијаат на медоберот во тековната година.

Февруари е месец во кој температурите полека се покачуваат а во одделни години во некои сончеви денови достигнуваат и до +18 степени.Овој месец изобилува и со температурни разлики што негативно се одразуваат врз развојот на пчелината заедница.

Колку можат да бидат нагли промените во овој период посебно денес кога сме сведоци и на глобалните климатски промен укажуваат случубањата на 08/02/2009 годин (недела).Утрешните температури беа над $14^0$ ,со јужен ветер и променлива облачност која ненадејно се зголеми и околу 11 $^ч$ беше пропратена со силни грмежи и врнежи од град во големина на зрно грав.Врнежите траеа околу 15 минути .Пота дојде до разведрување и сончев период со релативно високи темeратури. Ваква појава во овој период од годината не се паметат во Кратово . До 18 февруари беше студено и релативно топло на 18/02/2009 пофторно падна снег околу 30 цм.А температурите се спуштија 6 степени под нулата. foto A.T.

Во Февруари и покрај снежната покривка првите весници на пролета полека расцутуваат тоа е кокичето од кое пчелите го добиваат првиот нектар и цветен прашок .Тука е и каќумката и леската чии ресасти цветови изобилуваат со цветен прав. Оваа година цветот на лескат која беше почнала да се расцветува беше прекинато цветањето од изразено ниските температури.

Како што



се буди природата и пчелината заедница иако сеуште е во клубе полека ја покачува температурата и во средиштето таа изнесува околу 31 степен.Матицата полека почнува да лежи јајца и пчелината заедница влегува во активна фаза.Веќе се повеќе се чистат келиите се припремат за легло и доколку надворешната температурата дозволи леглото брзу се шири. Но иако ќе звучи изненадувачки:
прва задача на пчеларот е да го забави развојот на леглото во февруари недозволувајки тоа да се развие во многу поголем обем отколку тоа е нормално за овој период од годината.Ова се постигнува со намалување на температурата во кошницата проширувајки ги летата,намалувајки го утоплувачкиот материјал но и зголемувајки ја вентилацијата.
чистењето на подницата и летата е исто така важна работа .При чистењето на подницата многу е значајна анализата на отпадниот материјал кој укажува на тоа како зимувала пчелината заедница каква е состојбата со храната ,како функционирала вентилацијата и т.н. Доколку на подницата има двеста до триста мртви пчели тоа зборува дека заедницата добро презимила,доколку има само ситни отпадоци од восок без мешавина на кристали од мед,дека се е во ред со квалитетот на медот ит.н.за ова зборувавме во претходните месеци.



Детална контрола на состојбата на резервната храна,посебно на цветниот прав во кошницата.Во февруари посебно во фтората половина од месецот потребата на пчелината заедница за цветен прашок значително расте што најчесто се надополнува со

специјално подготвени медно шекерни погачи во кои се додава беланчевинеста храна како што е сојата,млечнопто брашно,пивскиот деактивиран квасец,пекарскиот квасец,несолена урда и т.н.Меѓуто додавањето на гореспоменатите состојки е дискутабилно од повеќе причини:Сите гореспоменати состојки се од потекло кое пчелината заедница воопшто не го користи во природата и за нивно искористување се потребни големи напори од пчелината заедница да се разложат и истата да ги искористи за своите потреби.
Преглед на материјалот за затоплување ,доколку е влажен задолжително да се замени Влажностана на материјалот за затоплување при добра вентилација и силни друштва доаѓа од ослободената влага при трошењето на медот.Влажниот затоплувачки материјал ја губи својата функција и само повеќе ја разладува кошницата наместо да ја топли.Затоа на место влажниот материјал треба да се стават суви хартии ткеенини и сл.

Прихранување на пчелината заедница, само ако е тоа неопходно.
Во горекажаното ја споменуваме прихраната како важен фактор за развојот ,но и нагласивме дека преголемо дозирање со беланчевинаста храна е непрепорачливо,бидеки тоа го оптеретува пчелиниот абдомен и често доаѓа до појава на цревни заболувања кај пчелите ноземоза,паратиф,септикемија и др.



5 килограми мед

20 килограми шекер во прав

1 килограм полен

1 пакување нозецид.